


**ЗАЕДНИЦА НА УКРАИНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА „ЛЕСЈА УКРАИНКА“**

**tel:** +38971346457
**e-mail:** urбanovich@gmail.com
ул. Наум Евро 14, Скопје


«08» јули 2021 год.
Бр. 101/00012

**До Премиерот на Република Северна Македонија**
**г-дин Зоран Заев**

**До министерот за надворешни работи на Република Северна Македонија**
**г-дин Бујар Османи**

**Почитуван господине Премиер!**
**Почитуван господине Министер!**

Во име на Заедницата на Украинците во Република Северна Македонија „Лесја Украинка“, срдечно Ви благодарам Вам, за поддршката од страна на Северна Македонија за суверенитетот и територијалниот интегритет на Украина.

На 14 јуни во Брисел ќе се одржи самит на лидерите на земјите-членки на НАТО, за време на кој ќе се дискутираат предизвиците со кои се соочува Алијансата денес.

Главната од нив, се разбира, е ескалацијата на вооружената агресија против Украина од страна на Русија. Целиот свет стана сведок на зголеменото присуство на руски трупи на границите на Украина и на окупираниот од страна на Русија - Крим, невидената милитаризација на Црното Море.

Одговорот на досега невидената закана за меѓународната безбедност за мирот, демократијата и универзалните вредности е да се зголеми присуството на НАТО во регионот на Источна Европа и зајакнување на безбедноста во Црното и Азовското море.

Во врска со Самитот на НАТО на 14 јуни 2021 година, Заедницата на Украинците во Република Северна Македонија „Лесја Украинка“ се обраќа со молба за поддршка на одлуката на Алијансата за политиката на „отворени врати“ за Украина и Грузија како и за забрзување на донесувањето на Акциониот план за членство во НАТО (АПЧ) на Украина.

Јасен сигнал за поддршка на украинскиот АПЧ ќе помогне во спречување на понатамошната ескалација на руската агресија.

Овој потег исто така ќе ги поддржи независноста, суверенитетот, територијалниот интегритет и евро-атлантскиот избор на Украина, кој е запишан во Уставот на Украина и е поддржан од мнозинството украински граѓани.

**Со голема почит,**

**Претседател на Заедницата на Украинци**

**Олександр Урбанович**